**Согласно член 50 став 3 од Законот за Локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/02) Градоначалникот на Општина Илинден донесе:**

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За прогласување Одлука за долгорочно задолжување на општина Илинден со Арх. Број 07-1027/2 од 05. 05. 2008 година.**

**Се прогласува Одлуката за долгорочно задолжување на општина Илинден со Арх. Број 07-1027/2 од 05. 05. 2008 година што Советот на Општина Илинден ја усвои на седницата одржана на ден 05.05. 2008 година.**

**Архив. Број 08-1080/1**
**Од 07.05.2008 год.**

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски с.р.**

Врз основа на член 36 и член 11, став 5 од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02) и член 20, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (Сл. весник на РМ бр.61/04) и член 14 од Законот за јавен долг () Сл. Весник на Р.М. бр. 62/05) Советот на општина Илинден на седницата одржана на 05.05.2008 г. ја донесе следнава:

**О Д Л У К А**
**за долгорочно задолжување на општина Илинден**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на општина Илинден го одобрува долгорочното задолжување заради изградба на канализационен систем за прифаќање и третман на отпадни води на подрачјето на општина Илинден.

**Член 2**

Долгорочното задолжување на општината е од општ јавен интерес и има економско финансиска оправданост.

Задолжувањето со кредит ќе биде од ДМГ - Интертраде ЛТД, Виена, Р. Австврија, максималниот износ на задолжувањето изнесува 1.500.000 евра, изразени во денарска противредност.

Целта на задолжување е реализација на капитален проект .

**Член 3**

Рокот на отплата на задолжувањето е 10 (десет) години, со каматна стапка од 0% годишно почетокот на отплатата на ратите е после изградба на канализациониот систем.

Годишното отплаќање на долгот за долгорочно задолжување не може да надмине 15% од вкупните приходи на тековнооперативниот буџет на општината од предходната година во годината на задолжувањето.

**Член 4**

Постапката за задолжување ќе отпочне по предходно добиено позитивно мислење од Владата на Република македонија и Министерството за финансии .

Општината е должна да потпише Договор за кредитирање и истиот да го достави во рок од 10 дена до Министерството за финансии.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службениот гласник на општина Илинден.

**Арх. бр.07-1027/2**
**Од 05.05.2008г.**

**Совет на општина Илинден**
**Претседател**
**Стевче Аврамовски с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

Решение за прогласување Одлука за долгорочно задолжување на општина Илинден со Арх. Број 07-1027/2 од 05. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . стр.1

Одлука за долгорочно задолжување на општина Илинден со Арх. Број 07-1027/2 од 05. 05. 2008 година. . . . . . . . . . . . . . . . . .. . . . . . . . . . . . . . стр.1